Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 551/0306
02.12 2019 год
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28 ноември 2019 година, врз основа на примена жалба од НУ „Национална опера и балет" против интернет-порталот „А1он", ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

**ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 3 ноември 2019 година, НУ „Национална опера и балет“ поднесе жалба за текстот со наслов „Закана за откази ако вработените хранат мачки во НОБ“, објавен на 31 октомври 2019 година, на интернет – порталот А1он (www.a1on.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, незастапена втора страна и дека во него известувањето е ставено во погрешен контекст без обраќање на втората страна.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, иницираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со интернет - порталот „А1он“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

На позитивно решениот процес на медијација му претходеше состанок меѓу жалителот, директорот на НУ „Национална опера и Балет“, Васо Ристов, и претставник на засегнатиот медиум, „А1он“. Двете страни се договорија интернет-порталот да изврши дополнување на оспорената содржина, односно во текстот да се вметне и ставот на директорот Ристов, со цел да се испочитува правилото на „втора страна“, што беше и сторено од страна на „А1он“[1].

Комисијата за жалби се согласи дека позитивно решениот случај на медијација треба да служи како пример за решавање на слични случаи и во иднина. Во таа насока, Комисијата ги охрабрува и жалителите и медиумите да покажат повеќе конструктивност и толерантност во идните спорови.

Во исто време, Комисијата ја цени и, во оваа прилика, ја поздравува и подготвеноста на медиумите да ги коригираат или надополнат информациите кога ќе се утврди пропуст во содржината. На тој начин, новинарот го штити сопствениот интегритет и интегритетот на медиумот во кој што работи.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

---

[1] https://a1on.mk/macedonia/zakana-za-otkazi-ako-vrabotenite-hranat-machki-vo-nob/

На седницата на 28 ноември 2019 година, членот на Комисијата, Мери Јордановска, беше изземена од расправата, во согласност со член 11 од Правилникот за работа поради судир на интереси, а сè со цел, да се обезбеди мериторност во одлучувањето и спречување на делегитимирање на одлуката на Комисијата.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија * Скопје
ЕТИКА ПРЕС

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595